Утрински Весник

Број 2464  понеделник, 20 август 2007

# Бизнисмените од дијаспората ќе го помагаат развојот на Македонија



Прашан дали ќе помагаат и лобираат и за политички прашања, Мајк Зафироски рече: „Не, политички нема да се мешаме ниту во Македонија, ниту во САД и Канада и сметаме дека многу повеќе можеме да помогнеме во економскиот развој“: претседателот Бранко Црвенковски и Мајк Зафировски (средина)

## Ќе се помагаат индустрии со просперитет: информатичката технологија, туризмот и лесната индустрија

**СИМОН ИЛИЕВСКИ**

Охрид – Струга - Организацијата „Македонија 2025 од САД и Канада“ што ја сочинуваат најуспешните бизнисмени - Македонци од северноамериканскиот континент, во саботата навечер во хотелот „Макпетрол“ во Струга ја промовира долгорочната стратегија за помош на економскиот развој на Македонија до 2025 година. Тие на средбата со македонските бизнисмени, што ја организира Сојузот на стопански комори, рекоа дека не се политичка, туку организација што ќе се занимава исклучиво со економскиот развој на Македонија. Вчера дел од Бордот на директори на „Македонија 2025“ во Охрид имаше средба со претседателот Бранко Црвенковски, а утре ќе се сретнат со премиерот Никола Груевски.

„Имаме три главни цели со кои можеме да и' помогнеме на Македонија за побрз економски развој. Сметаме дека треба да помогнеме во изборот на индустрии кои би имале просперитет. Тоа се информатичката технологија, туризмот и лесната индустрија. Сакаме да направиме пожива атмосфера за влегување на луѓето во бизнис и да имаме заедничка неполитичка организација која единствено ќе се стреми од Македонија да направи економски силна држава“, рече Мајк Зафировски, член на Бордот на организацијата и прв човек на познатата американска компанија НОРТЕЛ Нетворкс. Според него, периодот не е долг зашто ништо не може да се случи преку ноќ и дека во целиот процес тие се реалисти.

Познатиот бизнисмен од македонско потекло, Мајк Зафировски, од неодамна има високо

советничко место во администрацијата на претседателот на САД , Џорџ Буш. Прашан дали Македонија може да очекува поддршка во решавањето на одредени отворени меѓународни прашања, Зафировски рече дека претседателот на државата и премиерот го имаат неговиот телефон и секогаш можат да се обратат за помош, што би му било чест. Сепак, во прецизирањето на одговорот дали ќе помагаат и лобираат за политички прашања, Зафироски рече: „Не, политички нема да се мешаме ниту во Македонија, ниту во САД и Канада и сметаме дека многу повеќе можеме да помогнеме во економскиот развој".

Бизнисмените од дијаспората позитивно ги оценија процесите за создавање поволен амбиент за инвестирање од странство и користење на домашните ресурси, особено на стручните кадри. Тоа, според, нив позитивно влијае и во создавање доверба кај бизнисмените-Македонци и нивните партнери за инвестирање во Македонија.

Бизнисменот Ристо Гуштеров, кој посредуваше во носењето на „Џонсон контролс" во Македонија, позитивно ја оцени иницијативата на најпознатите македонски бизнисмени од дијаспората, но предупреди дека таа не смее да остане на ниво на ветувања. „Ако не се донесат пари и ако не се инвестира, со совети само ќе се помогне, но крајниот резултат нема да биде добар за идниот развој на Република Македонија.Оваа изјава нека биде провокација и за Мајк Зафировски, како прв човек на познатиот НОРТЕЛ, од нивното богато финансиско портфолио да донесе дел инвестиции и овде во Македонија", рече Гуштеров.

На средбата од дел од македонските бизнисмени можеше да се слушне дека ваквата стратегија за помош од македонската дијаспора треба брзо да се операционализира со конкретни проекти во кои, покрај советодавната, бизнисмените би добивале и инвестициска поддршка. За натамошни ефикасни комуникации многумина сметаат дека во Бордот на организацијата „Македонија 2025", во која покрај Мајк Зафировски, се и Џон Битов, Митре Кутаноски, Љупчо Наумоски и други, треба да има и неколкумина кои имаат развиени бизниси во Македонија.